Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

Интер ресорска консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите

# ЗАПИСНИК

## од Шестата седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 05.03.2019година

Скопје, март 2019 година


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

ЗАПИСНИК

од Шестата седница на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите одржана на 05.03.2019 година
Седницата започна во 13:00 часот.

Со седницата претседаваше координаторката на Интер ресорска група, Јована Тренчевска .
На седницата присуствуваа: Даниела Јованова – член од МТСП, Славица Михајловска - член од МЗШВ, Драгана Кириќ – Трпоски, Киро Цветков – член од МП, Кети Велков – член од МФ, Садате Рамадани Мора – член од Министерство за образование и наука, Сузана Никодијевиќ Филиповска – ГС, Елизабета Гелевска– член ССМ, Марија Савовска – член од Платформа за родова еднаквост, Драгана Дрндаревска – член Маргини, Анета Петровска Русомароски – член од Организација на работодавачи на Македонија и Неда Малевска - експерт.

На седницата отсуствуваа: Фатмире Хоџа, Нермина Факовиќ, Ирена Николов, Марина Узунов, Драгана Дрндаровска, Даниела Јаневска, Јорданка Богатиновска, Даниела Јаневска, Мирјана Најчевска, Дивна Змејковска, Дијана Стојановиќи и Силвија Митевска.

*

*  *

На почетокот на седницата се установи дека има кворум за работа и ИРГ може полноправно да работи. Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите го утврди следниов:

ДНЕВЕН РЕД

-Усвојување на записникот од Петата седница


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

1. Предлог- Програма за работа на Интер ресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и жените за 2019
2. Разгледување на препораки од шесттиот периодичен извештај CEDAW
3. Дискусија со предлози за поголема видливост ИРГ
4. Разгледување на Предлог - Упатства за пополнување на Годишните извештаи на органите на државна управа и единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите.
5. Разно

Записникот од 5–тата седница на ИРГ едногласно е усвоен, со забелешка на Марија Савовска во точка 5 „ Поставено е прашање дали во Иницијативите поднесени за програмата на Владата за 2019 се предвидени измени на ЗЕМЖМ. Дополнително побарана е листа на закони за кои е предвидено усогласување со директивите на ЕУ за 2019, со тоа што ќе се издвојат најбитните закони кои се релевантни за еднаквоста и каде ИРГ треба да интервенира.

По одделните точки од Дневниот ред, Интер ресорската група ги донесе следните заклучоци:

<u>Точка 1</u>

Во однос на првата точка Координаторката на ИРГ ја образложи Предлог - Програмата и активностите на ИРГ за 2019 година.
По однос на оваа точка за дискусија се јави Марија Савовска која се осврна на активноста за разгледување на информации во годишните извештаи од ОДУ И ЕЛС и укажа дека би било добро секој претставник од институциите во ИРГ извести што е направено во однос на владините приоритети.
За дискусија по однос на оваа точка се јави Неда Млевска која даде предлог во програмата да се вметне активност тематски седници, односно одреден проблем кој е битен за жената како се третира во законите. Драгана Дрндаровска наведе дека програмата треба да се операционализира и да се достави до институциите, а институциите да бидат информирани за


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

предлозите на закони од Програмата за работа на Владата за 2019 година за кои треба да побараат мислење и од ИРГ.

Драгана Кириќ даде предлог да има повеќе обуки се со цел да се подигне свеста за родовите прашања.

Кети Велкова во однос на разгледувањето на плановите и буџетите, истакна дека периодот за истите не кореспондира со можноста за влијание на Интерресорската група во однос на предложените средства за реализација на програми, мерки и активности со родова перспектива. Ова од причина што согласно календарот на буџетскиот процес, буџетските корисници, Предлог-буџетските барање за следната фискална година ги доставуваат во средината на месец август, а предлог Буџетот за наредната фискална година најдоцна до први ноември се доставува до Владата на разгледување и одобрување, па оттука е ирелевантно доколку ние како група ги разгледуваме во временскиот период наведен во Предлог - Програмата и активностите на ИРГ за 2019 година (октомври, ноември и декември).

Исто така дискутабилен е и начинот на кој ние би ги добиле предлог-буџетските барања, како и што би постигнале со истите кога веќе тие се потврдени од страна на раководителите на буџетските корисници. Токму затоа, треба да се изнајде начин, при подготовката на предлог-буџетските барања во периодот од моментот кога буџетскиот циркулар ќе биде доставен до буџетските корисници до денот на доставувањето на Предлог-буџетското барање до Министерството за финансии, да се искомуницира со цел да може да се влијае врз планирањето на родово одговорните политики.

Сузана Никодијевиќ Филиповска истакна дека со Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата и двете упатства (Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и годишниот план за работа и Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и годишниот план за работа) за прв пат се вклучи родовата перспектива во процесот на стратешко планирање, а во структурата на стратешкиот план се предвидува посебен дел кој се однесува на принципот


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

на еднакви можности на жените и мажите. Во однос на информациите што треба да се доставуваат до ИРГ посочи да се имаат предвид различните капацити и влијание на членовите во институциите во процесот на планирање, спроведување и следење на политиките. ИРГ ја донесе Програмата за работа на ИРГ за 2019 година, дополнета согласно расправата на седницата, со укажување членовите на ИРГ до МТСП да ги достават своите писмени измени и дополнување најдоцна до 22.3.2019 година.

<u>Точка 2</u>

Јована Тренчевска информираше за препораките на шесттиот периодичен извештај CEDAW. Преку препораките на извештајот се гледа загриженоста на Комитетот по одредени прашања, како и насоките што треба да се направи во наредните 4 години.

Во однос на оваа точка за дискусија се јави Драгана Дрндаровска која нагласи дека препораките треба да се преведат и да се достават до институциите како и начинот на кој би ги имплементирале.

Во однос на оваа точка се донесе заклучок: Во наредниот период препораките од шестиот извештај од CEDAW да се достават до сите министерства и истите да подготват план како да ги имплементираат истите. Кои активности се однесуваат на краткорочен и среднорочен период со цел да се унапредат активностите.

<u>Точка 3</u>

По оваа точка се договори членовите на ИРГ во наредниот период да доставаат свои предлози на активности за поголема видливост на ИРГ.

<u>Точка 4</u>

Во однос Четвртата точка Јована Тренчевска ги образложи Упатствата за пополнување на Годишните извештаи на органите на државна управа и единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите. Целта на овие Упатства како алатка е да се подигне квалитетот на известување за активностите и напредокот на еднаквите можности на локално и национално ниво.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Точка 5

По оваа точка немаше дискусија.

Седницата заврши во 15 часот.

Координатор на ИРГ
Јована Тренчевска

Подготвил: Габриела Маџоска